**20261381995**

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16, став, 1 алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република северна Македонија“ бр. 64/24, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25 и во согласност со член 15, став 1, алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр. 02-4368/2 од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на 8-та седница за 2026 година, одржана на 27.5.2026 година, го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ, КАКО И КОНФИСКУВАН ИМОТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ НА ДРЖАВНИ ОРГАНИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на отстапување на привремено одземени предмети, како и конфискуван имот и одземени предмети на државни органи, здруженија и фондации конфискуван имот, согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25 и 135/25).

Член 2

Право на користење на привремено одземените предмети како и конфискуван имот и одземени предмети, имаат државните органи, регистрирани здруженија на граѓани и фондации кои дејствуваат во јавен и непрофитен интерес.

Член 3

Привремено одземените предмети како и конфискуваниот имот и одземени предмети може да се отстапат на користење доколку се функционални и соодветни за активностите на државниот орган, здружението или фондацијата.

Член 4

Одлука за отстапување привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот и одземени предмети донесува Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

Член 5

Државните органи, здруженијата и фондациите поднесуваат писмено барање кое содржи податоци за организацијата, целта на користење и периодот на користење.

Во барањето задолжително се наведува целта на користење, периодот на користење и опис на потребниот имот.

Член 6

Агенцијата врши проверка на исполнетоста на условите и ја утврдува соодветноста на барањето.

Агенцијата врши проценка дали конфискуваниот имот и одземените предмети се соодветни за отстапување и ја проверува нивната состојба.

Член 7

Привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот и одземени предмети се отстапуваат на користење без надомест, освен ако со посебна одлука не е поинаку определено.

Член 8

Државните органи, здруженијата и фондациите се должни да ги користат привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот и одземени предмети исклучиво за намената наведена во барањето и да го одржуваат во исправна состојба.

Член 9

Државните органи здруженија и фондации немаат право привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот и одземени предмети, да ги отстапат на други државни органи и институции.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување на сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страната на Агенцијата.

Бр. 02-2557/1
27 мај 2026 година
Скопје

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
**Станко Китаноски,** с.р.